**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ**

# Правни можности и постапка за оставка на Влада во Република Северна Македонија

**-кратка информација-**

*Скопје, ноември 2021*

Предмет на кратката информација се правните можности и постапката за оставка на Владата во Република Северна Македонија, утврдени во правните акти кои постојат (Устав на Република Северна Македонија и Деловник на Собранието на Република Северна Македонија).

Согласно одредбите на Уставот на Република Северна Македонија, Владата има право да поднесе оставка. Оставката на претседателот на Владата повлекуваат оставка на Владата. Владата која поднела оставка останува на должност до изборот на нова Влада.

Согласно одредбите на Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија Владата, претседателот на Владата или член на Владата можат да поднесат оставка. Оставката на Владата или на претседателот на Владата, се поднесува до претседателот на Собранието во писмена форма и може да се образложи. Оставката на Владата или на претседателот на Владата, претседателот на Собранието веднаш ја доставува до пратениците и до Претседателот на Републиката. По доставувањето на писмената оставка, Собранието на првата наредна седница, без претрес, констатира дека на претседателот на Владата или на Владата, мандатот им престанува на денот на одржувањето на седницата.

Согласно одредбите на Уставот, Претседателот на Република Северна Македонија го определува мандатот за состав на Владата на Република Северна Македонија. Претседателот на Република Северна Македонија е должен во рок од десет дена од конституирањето на Собранието (во случајот во рок од десет дена од приемот на известувањето за оставка на Владата од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија), мандатот за состав на Владата да го довери на кандидат на партијата, односно партиите што имаат мнозинство во Собранието. Согласно одредбите од Деловникот на Собранието, претседателот на Собранието, во рок од три дена од денот на приемот на известувањето од претседателот на Републиката ги известува пратениците за кандидатот за претседател на Владата (мандатор). Мандаторот во рок од 20 дена од денот на доверувањето на мандатот, на Собранието му поднесува програма и го предлага составот на Владата. Предлогот за состав на Владата се доставува во писмена форма. Предлогот содржи име и презиме на кандидатот за претседател на Владата и на кандидатите за министри, со биографски податоци. Предлогот за состав на Владата и програмата, претседателот на Собранието им ги доставува на пратениците веднаш.

Седница за избор на Владата се одржува во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот за состав на Владата и на програмата. По програмата на мандаторот и предлогот за состав на Владата, Собранието води единствен претрес. Претресот трае најмногу два дена. Редоследот на пратениците кои ќе учествуваат во претресот го утврдува претседателот на Собранието на начин кој обезбедува учество во претресот на пратеници од различни политички партии застапени во Собранието. Гласањето за избор на Владата се врши по предлогот за состав на Владата во целина, со јавно гласање. Гласањето се врши по завршување на претресот, а најдоцна во 24.00 часот. Владата, на предлог на мандаторот и врз основа на програмата, ја избира Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Претседателот на Собранието го известува Претседателот на Републиката за изборот на Владата.

Иако не е прецизно наведено ниту во Уставот, ниту во Деловникот на Собранието дека по оставка на Владата се води истата постапка како при избор на нова Влада, имајќи ги предвид сите одредби на Уставот и Деловникот на Собранието би можело да се примени оваа постапка и при оставка на Владата.

Можни сценарија по оставката на претседателот на Владата и Владата на Република Северна Македонија се: да се задржи постојаното мнозинство во Собранието и да се определи нов мандатор, да се формира ново мнозинство предводено од претставниците на опозициските партии во Собранието, да се формира широка експертска влада која ќе вклучува претставници од сите политички партии моментално присутни во Собранието или евентуално да се бара одржување на предвремени парламентарни избори.

**Изработила:** Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

______________________

м-р Златко Атанасов


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384